# РЕЦЕНЗИЈА

за романот на Владан Велков “Евгениј Ладислав Палфи (Не) Заборавениот Гениј”

Имав чест да бидам рецензент на романот “Александар Македонски” од Владан Велков, а и многу заинтригиран читател на првиот негов роман “Хајдин”. И двете читања оставија на мене силен впечаток, зашто открив нов македонски романсиер, кој во своите романи открива нови светови и личности, не како првични непознати откритија, туку како протагонисти откриени на сцената во специфична психолошка присутност, неоткриена до овие наши современи мигови. А уште поинтересно е кога личностите од дамнината се движат меѓу нас и како физички присутности, а и како духовни наследености од традицијата. Очевидно е дека авторот на овие романи, за да го постигне саканиот ефект и боја морал да помине многу години, безброј денови по патеките на нашата историја, или по стапките изодени од јунаците на романите. Притоа, неговиот негуван стручен и личен афинитет да навлезе во најтенките нијанси од душата и духот на личностите, открива полнокрвни живи ликови. Со ваквиот приод и способност се воспоставува необично дофатлив мост од читателот до личноста. Така, јас сум обогатена со допирот до богатата сфера од животот на уметникот творец со натпросечни продирања во тајновитите катчиња од разумот и генијалноста.

Токму во романот кој сега е предмет на нашето читање авторот со силата на виртуозен психоаналитичарски зафат ни открива позната личност од нашата современост, исто така не помалку виртуозен уметник-музичар, кој израснува и надраснува пред нас во целосен спој

надчовек уметник, во сферите кога духот ги надраснува вообичаените човечки граници и просечни и надпросечни можности и пориви. Или поточно кажано, кога човековата мисла ги надминува границите од познаниците на разумот.

Македонската јавност, особено онаа која ги полнела салите со изведбите на генијалниот музичар Ладислав Палфи, во новиот роман на Велков, ќе има можности да се внесе во историјата од животот на необично интересна личност, да го доживее каков што не можел да го запознае подалеку од сцената.

Има романи кои на читателот уште со првите реченици му се наметнуваат со одбраниот приод кон темата и потоа содржината се усвојува ненаметливо и лесно. Во случајов најновиот роман на Велков во еден воведен пасос со уметничка леснотија го резимира неверојатно интересниот пат на генијот Ладислав Палфи, посочувајќи го неговиот нов дом како пријатно катче. И ако останува секогаш со знакови прашања “за патот помеѓу светлината и темнината” во овој случај ќе подзастане смирено пред она од што се плашиме. И еве го тој вовед: ”Кон крајот на пролетта 1999 година во *Вилата на крајот од патеката на липите* беше донесен еден снеможен старец. Беше тоа музичкиот гениј Ладислав Палфи. Набргу по доаѓањето се вклопи во животот на *Вилата* и како Феникс проникнат од пепелот на напластените години од минатоста, со ентузијазам на момче, се зафати со творечка и репродуктивна работа. На 9 април 2004 ја доби наградата "Трајко Прокопиев" од Сојузот на композиторите на Македонија за животно дело. Беше тоа голем празник за (не)заборавениот гениј Евгениј Ладислав Палфи. Неговата радост беше голема, но и радоста на сите во *Вилата на крајот од алејата на липите*, затоа што тоа се случи токму тука.”

Не случајно го апострофирам воведниов пасос. Тој доаѓа како спас за читателот, недостатно допрен до куќата во која живее и *Вилаѿа од крајоѿ на алејаѿа на лиѿиѿе*, недостано допрен до психијатриските и психоаналитичките збиднувања. А штом овој спој на стравот од непознатото незнаење со секојдневието е крунисан дури и со награда, исчезнуваат претпоставките. Понатаму се редат деновите помешани со современи тераписки и нормални творечки часови. Во таа куќа, во разговорите со пријателите и со музичарите кои го посетуваат, Палфи си ја отвора својата пребогата дарба, својата душа која понира во настаните од сопственото детство, до историските настани, до опкружувањето во потесната и поширока фамилија, во колегите и намерните и ненамерните средби со луѓето. Впечатливи се доживувањата во Втората световна војна, доаѓањето во Скопје, творечкиот пат, целокупноста од музичкиот свет во градот. И додека Маестрото го обзема музиката, тој живее со Македонската опера, со земјотресот и поплавата во Скопје. Покрај тоа тој длаби во карактерите на луѓето што го опкружуваат, пати, страда, сака бескрајно, а филозофијата го доведува преку светот на современието до виртуелните висини. Овој негов пат авторот на романот ни го разоткрива на дофатлив начин, за да биде сфатен во сите тенки нијанси на нејснотиите од длабењето по патот на недостапните душевни понирања. Посебно ги збогатува нашите сознанија за големите музичари, кои ги отвораа можеби за нас неосетно, можеби некогаш препознатливо, ширните видици на духот, понесен од звуците на уметниците. Со каков само понос ги апсорбирал сите нив, особено Петмината музички македонски апостоли.

Вера Стојчевска-Антиќ